# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 15 мај 1996
Скопје
Број 24 Год. LII

Аконтацијата за 1996 година изнесува 6.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

433.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 мај 1996 година.

Број 02-1708/1
7 мај 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95), во член 81 став 1 зборовите: „евиденција и“ се бришат.

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во основното училиште се води педагошка евиденција“.

Член 2

Во член 82 ставот 1 се брише.

Член 3

Членот 85 се менува и гласи:

„Поблиски прописи за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација донесува министерот“.

Член 4

Во член 112 став 1 алинеја 17 зборовите: „евиденција и“ се бришат.

Во член 112 став 3 алинеја 1 зборовите: „евиденција и“ се бришат.

Во член 112 став 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

„-врши телесно и психичко малтретирање на ученикот (член 64 став 2);“.

Член 5

Во член 119 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Вработените наставници во училиштата за основно музичко образование со работно искуство над 15 години во настава и натаму ги вршат работите на работните места на кои се затекнати при влегувањето во сила на овој закон“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

434.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 мај 1996 година.

Број 02-1707/1
7 мај 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с,р,

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95), во членот 73 став 1 зборовите „евиденција и“ се бришат.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Во средните училишта се води педагошка евиденција“.

Член 2

Во член 74 ставот 1 се брише.

Член 3

Членот 77 се менува и гласи:

„Поблиски прописи за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација, донесува министерот“.

Член 4

Во членот 109 став 1 алинеја 9 зборовите: „и евиденција“ се бришат.

Во членот 109 став 3 алинеја 2 зборовите: „и евиденција“ се бришат.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**435.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 мај 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ ВО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ

I

Бројот на судиите поротници во апелационите судови се определува и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Апелационен суд Скопје | 100 |
| 2. Апелационен суд Битола | 50 |
| 3. Апелационен суд Штип | 30 |

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1727/1
7 мај 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**436.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 мај 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ПОРОТНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

I

Бројот на судиите поротници во основните судови се определува и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. Основен суд во Берово | 36 |
| 2. Основен суд во Битола | 230 |
| 3. Основен суд во Виница | 50 |
| 4. Основен суд во Гевгелија | 73 |
| 5. Основен суд во Гостивар | 80 |
| 6. Основен суд во Дебар | 49 |
| 7. Основен суд во Делчево | 40 |
| 8. Основен суд во Кавадарци | 120 |
| 9. Основен суд во Кичево | 85 |
| 10. Основен суд во Кочани | 95 |
| 11. Основен суд во Кратово | 25 |
| 12. Основен суд во Крива Паланка | 50 |
| 13. Основен суд во Куманово | 128 |
| 14. Основен суд во Крушево | 25 |
| 15. Основен суд во Неготино | 28 |
| 16. Основен суд во Охрид | 100 |
| 17. Основен суд во Прилеп | 140 |
| 18. Основен суд во Радовиш | 68 |
| 19. Основен суд во Ресен | 25 |
| 20. Основен суд во Свети Николе | 65 |
| 21. Основен суд во Скопје I во Скопје | 320 |
| 22. Основен суд во Скопје II во Скопје | 304 |
| 23. Основен суд во Струга | 90 |
| 24. Основен суд во Струмица | 162 |
| 25. Основен суд во Тетово | 130 |
| 26. Основен суд во Титов Велес | 80 |
| 27. Основен суд во Штип | 150 |

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1726/1
7 мај 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**437.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 31/91 и 46/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 мај 1996 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗО СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА - ОХРИД

1. Се разрешува од функцијата член на Управниот одбор на ЈЗО Специјална болница за ортопедија и трауматологија – Охрид

Благоја Балев, поради вработување во оваа Здравствена организација.

2. За член на Управниот одбор на ЈЗО Специјална болница за ортопедија и трауматологија – Охрид, се избира

Крсте Танасковски, генерален директор на АТП „Галеб“ – Охрид.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1711/1
7 мај 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски**, с.р.

**438.**

Врз основа на член 30 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96), Владата на Република Македонија, донесе

## УРЕДБА
## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Со оваа уредба поблиску се пропишуваат условите, начинот и постапката за доделување на градежното земјиште со кое управува Република Македонија, на користење (во натамошниот текст: градежно земјиште).

Член 2

Во зависност од видот и намената на објектот, градежното земјиште се доделува на користење со јавно наддавање и со непосредна спогодба.

Член 3

Градежно земјиште со јавно наддавање се доделува:

– за изградба на стопански објекти, објекти за продажба или за давање под закуп и

– за изградба на објекти за кои не се доделува градежно земјиште со непосредна спогодба.

Градежното земјиште се доделува на користење со јавно наддавање под следните услови:

– на правно лице ако има седиште и да е регистрирано за вршење дејност на територијата на Република Македонија;

– на физичко лице ако е државјанин на Република Македонија.

Член 4

Министерството надлежно за работите на урбанизмот објавува јавно наддавање за доделување на градежно земјиште на користење.

Објавата содржи:

– намена на земјиштето;

– претходни услови за градба на објектот што треба да се гради;

– податоци за градежното земјиште што се доделува;

– почетна цена за $м^2$ земјиште;

– депозит за учество на јавното наддавање од најмалку 10% од почетната цена кој се уплатува кај органот што го спроведува јавното наддавање;

– услови за учество на јавното наддавање;

– вид на јавното наддавање (со понуди во писмена форма или со непосредна понуда);

– време и место на одржувањето на јавното наддавање и

– начин на известување на учесниците за резултатите од јавното наддавање.

Депозитот се враќа на учесниците на кои не им е доделено градежно земјиште во намален износ за трошоците направени во постапката.

Член 5

Јавното наддавање се објавува во средствата за јавно информирање.

Јавното наддавање не може да се изврши во рок пократок од 8 дена од објавувањето.

Член 6

Јавното наддавање го спроведува Комисија составена од 3 члена што ја именува министерот надлежен за работите на урбанизмот и градежништвото.

За јавното наддавање се составува записник.

Член 7

Градежното земјиште се доделува на користење со непосредна спогодба на правно и физичко лице за изградба на:

– објекти на државен орган и организација, објекти за потребите на одбраната, државната безбедност, цивилната заштита и други објекти за потребите на Републиката и локалната самоуправа;

– објекти за потребите на јавни претпријатија;

– комунални објекти и други објекти од јавен интерес, утврдени со закон;

– објекти на дипломатско - конзуларни претставништва и претставништва на меѓународни организации и странски претставништва;

– објекти во кои странско лице ќе врши стопанска дејност самостојно или во мешовито вложување со домашно правно лице, врз основа на доставена инвестициона програма и доказ за обезбедени минимум 50% средства од инвестициона вредност;

– станбени и други објекти во случај на елементарни непогоди (земјотрес, пожар, поплава и сл.);

– семејни станбени згради и деловни згради на поранешниот сопственик за кој врз основа на предимствено право е земена обврска за одземената недвижност; и

– објекти во случаите кога и на повторното јавно наддавање не се јавиле заинтересирани физички и правни лица.

Член 8

Со непосредна спогодба се доделува градежно земјиште и во случаите на:

– дооформување на градежна парцела предвиден со урбанистичкиот план, доколку сопственикот има повеќе од 50% од градежната парцела;

– изграден објект со градежна документација за кој не е доделено градежно земјиште;

– изграден објект до 1 февруари 1996 година без услови за градба вклопен во урбанистичкиот план.

Член 9

По завршување на постапката за доделување на градежно земјиште, на барателот му се издава решение за доделување на градежно земјиште.

Решението од став 1 на овој член особено содржи:

– податоци за физичкото, односно правното лице;

– податоци за земјиштето според катастарската евиденција;

– податоци за објектот;

– рок за започнување на градење на објектот и престанок на решението.

Член 10

Со влегување во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за условите, начинот и постапката за доделување на градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/91, 15/92 и 36/94).

Член 11

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-1511/1
8 мај 1995 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**439.**

Врз основа на член 70 став 3 од Законот за здравствената заштита на животните („Сл. весник на РМ" бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87, 51/88, 20/90, 28/91 и 83/92), Владата на Република Македонија, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 1996 ГОДИНА

I.

Средствата за здравствена заштита на животните од заразните и паразитските болести во 1996 година се утврдуваат во износ од 104.085.407,00 денари

| | во денари |
|---|---|
| 1. Средства за наплатена такса за уверенијата за здравствена состојба на животните | 17.000.000,00 |
| 2. Средства од извршените ветеринарно санитарни инспекциски прегледи | 26.501.500,00 |
| 3. Средства од буџетот на Републиката | 60.000.000,00 |
| 4. Средства останати од Програмата за 1995 година | 583.907,00 |

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма се користат за:

| | во денари |
|---|---|
| 1. Епизоотиолошки испитувања и изработка на епизоотиолошки карти, за набавка на клешти и ушни маркици за обележување на животни | 3.500.000,00 |
| 2. Вадење крв од овците и козите, за доставување на крв до дијагностичките лаборатории и резултатите до надлежните органи и сопственикот на животните и за лабораториска и теренска дијагностика на бруцелоза кај овците и козите | 37.600.000,00 |
| 3. Земање, пакување и испраќање на материјал (крв и друго) за лабораториско испитување и за лабораториско испитување и дијагностика на заразни и паразитски болести кај животните од член 2 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја и од член 6 од Законот за здравствената заштита на животните во индивидуалните стопанства | 12.100.000,00 |
| 4. Превентивни вакцинации и сузбивање на заразни и паразитски болести во индивидуалните стопанства | 12.464.200,00 |
| 5. Надомест за заклани или убиени (еутанизирани) заболени животни, за нивниот транспорт до објектот за колење или местото на нештетно отстранување, трошоци за убивање или колење, за ископување на сточни јами или гробници, за уништување на кучиња и мачки скитници и уништување на кучиња и мачки наредено при сузбивањето на беснило и ехинококозата и учество во изградба на кафилерија | 30.650.000,00 |
| 6. Трошоци за извршена дезинфекција на $м^2$ површина при појава и сузбивање на заразни и паразитски болести и учество во набавка на опрема за дезинфекција | 4.000.000,00 |
| 7. Давање партиципација за набавка на лабораториска опрема на ветеринарно дијагностички организации и опремување и оспособување за теренска работа на Републичката ветеринарна инспекција (превозни средства и друга опрема) | 2.500.000,00 |
| 8. Материјални трошоци за спроведување на програмата | 687.300,00 |
| 9. Средства останати од Програмата за 1995 г. | 583.907,00 |

III

Средствата од дел II точка 1 на оваа програма во износ од 3.500.000,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – епизоотиолошки испитувања и изработка на епизоотиолошки карти | 500.000,00 |
| – клешти и ушни маркици за обележување на животни | 3.000.000,00 |

IV

Средствата од дел II точка 2 на оваа програма во износ од 35.600.000,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – вадење крв од овците и козите и доставување на крв до дијагностичките лаборатории | 20.000.000,00 |
| – доставување на резултатите од надлежните органи и сопственикот на животните | 100.000,00 |
| – лабораториска и теренска дијагностика на бруцелоза кај овците и козите | 15.500.000,00 |

V

Средствата од дел II точка 3 на оваа програма во износ од 12.100.000,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – земање, пакување и испраќање на материјал (крв и друго) за лабораториско испитување | 3.800.000,00 |
| – лабораториско испитување и дијагностика на заразни и паразитски болести кај животните, освен за бруцелозата кај овците и козите | 6.300.000,00 |
| – туберкулинизација и ретуберкулинизација кај говеда и свињи | 2.000.000,00 |

VI

Средствата од дел II точка 4 на оваа програма во износ од 12.464.200,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – вакцинација и сузбивање на антраксот кај коњите, говедата, овците и шушкавецот кај говедата | 2.500.000,00 |
| – клинички преглед на копитарите на сакагија | 64.200,00 |
| – превенирање и сузбивање на заразните кривотници кај овците | 500.000,00 |
| – превенирање и сузбивање на ентеротоксемија кај овците и заразниот пролив кај јагнињата | 3.000.000,00 |
| – вакцинација и сузбивање на класичната чума кај свињите, вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на заразата | 3.500.000,00 |
| – вакцинација и сузбивање на чумата и атипичната чума кај пернатата живина, вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појавата на заразата | 1.400.000,00 |
| – превенирање и сузбивање на паразитски болести (краста кај животните, белодробната стронгилоза, желудечно цревна стронгилоза тенијазата кај кучињата) и организирано третирање на овците против метилавост | 1.500.000,00 |

VII

Средствата од дел II точка 5 на оваа програма во износ од 30.650.000,00 денари, ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – надомест за заклани или убиени (еутанизирани) бруцелозни овци, кози, говеда и свињи | 24.500.000,00 |
| – надомест за заклани или убиени животни заболени од други заразни болести, чие убивање е наредено од страна на Републичката управа за ветеринарство | 2.650.000,00 |
| – трошоци за транспорт до објектот за колење или местото за нештетно отстранување | 500.000,00 |
| – трошоци за убивање на бруцелозните животни – колење во санитарни кланици | 1.000.000,00 |
| – трошоци за колењето на заболените животни | 500.000,00 |
| – ископување на сточни јами или гробници | 1.000.000,00 |
| – уништување на кучиња и мачки скитници | 500.000,00 |

VIII

Средствата од дел II точка 6 на оваа програма во износ од 4.000.000,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – дезинфекција при сузбивањето на заразните болести од член 65 точка 11 од Законот за здравствената заштита на животните и тоа: на објектите за одгледување на животните (штали, трла и друго), просториите за колење на животни, на местото на убивањето и нештетното отстранување и на превозното средство со кои се транспортираат заболените животни | 2.000.000,00 |
| – учество во набавка на опрема за дезинфекција | 2.000.000,00 |

IX

Средствата од дел II точка 7 на оваа програма, во износ од 2.500.000,00 денари ќе се користат за:

| | |
|---|---|
| – давање партиципација за набавка на лабораториска опрема на ветеринарно дијагностичките организации | 500.000,00 |
| – опремување и оспособување на републичката ветеринарна инспекција за теренска работа, набавка на превозни средства – патнички возила за подрачните ветеринарни инспектори, поправки, регистрации на возилата и др. набавка на друга опрема за работа на ветеринарната инспекција (ХТЗ опрема, средства за лична дезинфекција и др.) за стручно усовршување на ветеринарните инспектори и опрема за обработка на податоци пропаганда и информации | 2.000.000,00 |

X

Средствата од дел IV алинеја 1, дел V алинеи 1 и 3, дел VI, дел VII алинеи 4 и 7 и дел VIII на оваа програма ќе се исплатуваат по склучениот писмен договор помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарните станици, а средствата од дел IV алинеи 2 и 3, дел V алинеја 2 и дел IX алинеја 1 на оваа програма ќе се исплатуваат по склучен писмен договор помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарно-дијагностички организации.

XI

Приоритет во спроведувањето на мерките од оваа програма ќе имаат општините на чие подрачје ќе се појават заразни и паразитски болести во поголем обем.

XII

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пренамена на средствата од една во друга намена предвидени со оваа програма може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по програмата.

XIII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 23-1341/1
24 април 1996 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

---

**440.**

Врз основа на член 12 од Законот за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/92, 32/92, 83/92, 78/93 и 14/96), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРЕМИЈА НА ПЧЕНКА, СОНЧОГЛЕД, МАСЛОДАЈНА РЕПКА И ШЕЌЕРНА РЕПА И НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕГРЕС НА КВАЛИТЕТНИ СОРТНИ СЕМИЊА ВО 1996 ГОДИНА

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на остварување на правото на користење на средства за премија на пченка, сончоглед, маслодајна репка и шеќерна репа и за регрес на квалитетни сортни семиња, од пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка, шеќерна репа и луцерка согласно одлуките за премија и регрес за наведените производи во 1996 година.

Член 2

Правните лица производителите на пченка, сончоглед, маслодајна репка и шеќерна репа ја остваруваат премијата утврдена со одлуките од член 1 на ова упатство со поднесување барање и соодветна документација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Физичките лица, производители на производите од став 1 на овој член ја остваруваат премијата со поднесување барање и соодветна документација од страна на претпријатието што им ги откупило нивните производи до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку општинските центри за унапредување на индивидуалното земјоделство, каде се врши исплатата.

Кон барањето за остварување на правото на премија се поднесува следната документација:

За правните лица производители:

1. Изјава дека производот е од сопствено производство род 1996 година, од која површина е добиен производот и за каква намена е (меркантилна, семенска);

2. Спецификација за остварување на премија, според образец бр. 1 кој е составен дел на ова упатство;

3. Фактура за продадена количина на производот во која се наведува корисникот на премијата;

4. Испратница од производителот и

5. Приемница од откупувачот, а за откупот кој е извршен во повеќе наврати – групна приемница.

За физичките лица производители, претпријатието што им ги откупило производите:

1. Изјава за извршен откуп на производот од физички лица род 1996 година;

2. Спецификација за остварување на премија, според образец бр. 1

3. Приемница на откупен производ односно групна приемница и

4. Список на физички лица со број на документ за извршен откуп, место, количина, износ на премија, број на лична карта.

Член 3

Правните лица кои вршат производство, промет доработка односно откуп на квалитетни сортни семиња, за испорачаните и продадените количини на сортни семиња на крајните потрошувачи (земјоделски производители) во Република Македонија, го остваруваат правото на регрес за квалитетни сортни семиња со поднесување барање и соодветна документација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Корисниците на регресот од став 1 на овој член, при продажба на сортното семе им пресметуваат и наплатуваат на купувачите намалена продажна цена на сортното семе за износот на регресот.

Член 4

Кон барањето за остварување на правото на регрес се поднесува следната документација:

За правните лица производители:

1. Пресметка на регресот за квалитетно сортно семе според образецот бр. 2 кој е составен дел на ова упатство;

2. Изјава дека семето е од сопствено производство род 1995 година, од која површина е добиено и крајниот корисник;

3. Спецификација по сорти, категории и количини во кг;

4. Приемници од сопствен магацин;

5. Испратница од сопствен магацин.

За правните лица кои вршат промет.

1. Пресметка на регресот на квалитетно сортно семе според образец бр. 2;

2. Изјава дека семето е од сопствено производство род 1995 година, од која површина е добиено и крајниот корисник;

3. Спецификација по сорти, категории и количини во кгр;

4. Фактура за продадено семе на крајниот корисник врз основа на која е извршена пресметка на регресот;

5. Испратница, товарен лист или отпремница за испорака на семето;

6. Приемница од откупувачот;

7. Декларација за квалитетот на семето;

8. Апробационо уверение за извршена контрола на семенскиот посев;

За правните лица кои вршат откуп и доработка на натурално семе:

1. Пресметка на регресот на квалитетно сортно семе според образец бр. 2;

2. Добавна фактура за продадено семе;

3. Испратница од добавувачот;

4. Приемница од откупувачот;

5. Спецификација по сорти, категории и количини во кг;

6. Фактура за продадено семе на крајниот корисник врз основа на која е извршена пресметка на регресот;

7. Испратница, товарен лист или отпремница за испорака на семето;

8.Декларација за квалитетот на семето од домашно производство и портокалов цертификат за квалитетот на семето увезено од други земји;

9. Приемница од откупувачот;

10. Апробационо уверение за извршена контрола на семенскиот посев;

За семето продадено преку земјоделски аптеки потребно е да се достави и список на купувачи, во кој стои број на кантарната белешка, името и презимето на купувачот, место на живеење, вид на семе, количина, категорија, број на лична карта и потпис.

Член 5

Документацијата од член 2 и 4 од ова упатство се поднесува во оригинал и заверена со потпис и печат.

Член 6

Барањата со потребната документација од член 2 и 4 на ова упатство се поднесуваат најдоцна до 15.12.1996 година, а исплатата се врши до 31.12.1996 година.

Член 7

Средствата наменети за премија на пченка, сончоглед, маслодајна репка и шеќерна репа, ги исплатува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а средствата за регрес на квалитетни сортни семиња од пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка, шеќерна репа и луцерка ги испитува Министерството за финансии, во рок од 30 дена од добивањето на комплетната документација.

Член 8

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-2251/1
6 мај 1996 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
дип.инж.агр
**Никола Паракеов**, с.р.

**Образец бр. 1**

**СПЕЦИФИКАЦИЈА**
**за остварување на премија**

**Фирма, односно име на корисникот на премијата** ______

______

**Жиро сметка** ______

| Ред. бр. | Производ. | Број на исплатен документ | Откупено количина во кг. | Откупна цена по/кг. | Износ на премија ден/кг. | Вкупно средства за премија ДЕН |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | (5x6)=7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Место** ______
**Дата** ______

М. П.

**Потпис на овластено лице,**
______

**Образец бр. 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**Пресметка на регрес за квалитетно сортно семе**

Фирма, односно име на корисникот на регресот ______________________

жиро сметка ______________________

| Име на производителот -купувачот | Број на фак. или испратница | Вид на ква. сортно семе | Категор. | Колич. во т. | Износ на рег. ден/кг | Вкупно сред. за рег. ДЕН |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | (5x6)=7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Место ____________ М. П. Потпис на овластено лице,

Дата ____________ ______________________

## ОБЈАВИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија - Скопје врз основа на член 24 став 4 од Законот за семе („Сл. весник на РМ" бр. 18/73, 51/88, 20/90, 32/91 и 83/92) објавува дека во Регистарот на доработувачи на семенски материјал од земјоделски култури се запишуваат:

- РО Земјоделски институт РЕ Институт за полјоделство и градинарство, за доработка на семе од житни (без ориз) индустриски (без шекерна репа), фуражни (без луцерка) и градинарски култури, рег. бр. 2 решение бр. 10-2501/1 од 11.4.1996 год;

- РО Институт за земјоделство - Струмица за доработка на семе од житни (без ориз), градинарски, фуражни (без луцерка) и индустриски (без шекерна репа), култури, рег. бр. 3 решение бр. 10-2505/1 од 11.04.1996 година;

- РО Институт за ориз-Кочани, за доработка на семе од ориз, рег. бр. 4 решение бр. 10-2503/1 од 11.4.1996 година;

- РО Институт за тутун-Прилеп за доработка на семе од тутун, рег. бр. 5 решение бр. 10-2504/1 од 11.04.1996 година;

- ЗК „Пелагонија" - Битола, за доработка на семе од житни фуражни и индустриски култури, рег. бр. 6 решение бр. 10-2502/1 од 11.04.1996 година;

- МПП „Агросеме-Панонија" - Битола за доработка на семе од житни (без ориз), индустриски (без шеќерна репа), фуражни (без луцерка) култури, рег. бр. 21 решение бр. 10-2523/1 од 11.04.1996 година;

- ЗИК „Прогрес" - Дебар, за доработка на семе од луцерка, рег. бр. 8 решение бр. 10-2507/1 од 11.04.1996 година; Агропромет - ДОО „Семенарство" - Струмица за доработка на семе од градинарски, индустриски, фуражни и житни (без ориз) култури, рег. бр. 22 решение бр. 10-2521/1 од 11.04.1996 година;

- АК „Тиквеш" - Кавадарци за доработка на семе од житни (без ориз), фуражни и индустриски култури - решение бр. 10-2506/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 10

- АД ЗИК „Кочанско Поле" - Кочани за доработка на семе од житни и фуражни (без луцерка) култури, решение бр. 10-2519/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 11

- ЗП „Клечовце" ДОО ЦО Куманово за доработка на семе од житни култури (без ориз), решение бр. 10-2508/1 од 11.4.1996 година; рег. бр. 12

- ЗИК „Куманово"-Куманово, за доработка на семе од житни (без ориз) култури, решение бр. 10-2513/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 13

- ЗПТП „Црвени Брегови" - Неготино, за доработка на семе од пченица и јачмен, решение бр. 10-2509/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 14

- ДОО „14-ти Септември" - Св. Николе, за доработка на семе од житни (без ориз) култури решение бр. 10-2518/1 од 11.4.1996 година; рег. бр. 15

- ДО Полјоделство „Ерџелија" - Св. Николе, за доработка на семе од житни (без ориз) култури, решение бр. 10-2517/1 од 11.04. 1996 година; рег. бр. 16

- АК „Џумајлија" ДОО Лозово - Св. Николе за доработка на семе од житни (без ориз) култури, решение бр. 10-2514/1 од 11.4.1996 година; рег. бр. 17

- ППДП „Семенарство" - Скопје, за доработка на семе од житни (без ориз), градинарски, фуражни и индустриски (без шеќерна репа) култури, решение бр. 10-2520/1 од 11.4.1996 година; рег. бр. 23.

- ПОС ЗС „Сингелиќ" с. Сингелиќ-Скопје за доработка на семе од житни (без ориз) и фуражни (без луцерка култури, решение бр. 10-2512/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 9

- АК „Лозар" - Т. Велес, за доработка на семе од житни (без ориз) култури, решение бр. 10-2510/1 од 11.4.1996 година; рег. бр. 19

- АД ЗИК „Црвена Звезда" ДОО „Три Чешми" с. Три Чешми-Штип за доработка на семе од житни култури, решение бр. 10-2511/1 од 11.04.1996 година; рег. бр. 20

- АД „Југотутун" - Св. Николе, за доработка на семе од индустриски домат и индустриска пиперка, решение бр. 10-2527/1 од 11.04.1996 година рег. бр. 24

- ППТ „Агропин" - Скопје за доработка на семе од житни, градинарски и фуражни (без луцерка) култури, решение бр. 10-2499/1 од 11.04.1996 година, рег. бр. 25.

Бр. 10-2975/1
30 април 1996 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр., **Никола Паракеов, с.р.**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија - Скопје, врз основа на член 24 став 4 од Законот за семе („Сл. весник на РМ" бр. 18/73, 51/88, 20/90, 32/91 и 83/92), објавува дека во Регистарот на производители на семенски материјал се запишуваат:

- РО Земјоделски факултет - Скопје за производство на семе од градинарски, житни, фуражни и индустриски култури, - Решение бр. 10-2500/1 од 11.04.1996 година, регистарски број 1.

- РО Земјоделски институт - РЕ Институт за полјоделство и градинарство за производство на семе од житни, индустриски, фуражни и градинарски култури Решение бр. 10-2501/1 од 11.04.1996 година, рег. број 2.

- ДОО Институт за земјоделство - Струмица за производство на семе од житни, индустриски, фуражни и градинарски култури, Решение бр. 10-2505/1 од 11.04.1996 год., рег. број 3.

- РО Институт за ориз - Кочани за производство на семе од ориз, Решение бр. 10-2503/1 од 11.04.1996 год., рег. број 4.

- РО Институт за тутун - Прилеп за производство на семе од тутун, Решение бр. 10-2504/1 од 11.04.1996 год., рег. број 5.

- ЗК „Пелагонија" - Битола за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2502/1 од 11.04.1996 год., рег. број 6.

- АД ЗИК Винојуг - ДОО Оранжерии - Гевгелија за производство на семе од градинарски култури, Решение бр. 10-2516/1 од 11.04.1996 год., рег. број 7.

- ЗИК „Прогрес“ - Дебар за производство на семе од луцерка, Решение бр. 10-2507/1 од 11.04.1996 год., рег. број 8.

- ПОС ЗС „Сингелиќ“ - Скопје за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2512/1 од 11.04.1996 год., рег. број 9.

- АК „Тиквеш“ - Кавадарци за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2506/1 од 11.04.1996 год., рег. број 10.

- АД ЗИК „Кочанско Поле“ - Кочани за производство на семе од житни, индустриски и фуражни култури (без луцерка), Решение бр. 10-2519/1 од 11.04.1996 год., рег. број 11.

- ЗП „Клечовце“ ДОО ЦО Куманово за производство на семе од житни култури (без ориз) и компир, Решение бр. 10-2508/1 од 11.04.1996 год., рег. број 12.

- ЗИК „Куманово“ - Куманово за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2513/1 од 11.04.1996 год., рег. број 13.

- ЗПТП „Црвени Брегови“ - Неготино за производство на семе од пченица и јачмен, Решение бр. 10-2509/1 од 11.04.1996 год., рег. број 14.

- ДОО „14-ти Септември“ - Св. Николе за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2518/1 од 11.04.1996 год., рег. број 14.

- ДО Полјоделство „Ерџелија“ - Св. Николе за производство на житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2517/1 од 11.04.1996 год., рег. број 16.

- АК „Џумајлија“ ДОО „Лозово“ - Св. Николе за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2514/1 од 11.04.1996 год., рег. број 17.

- ПОС ЗСС „Петровец“ - Скопје за производство на семе од житни, фуражни и индустриски култури, Решение бр. 10-2515/1 од 11.04.1996 год., рег. број 18.

- АК „Лозар“ - Т. Велес за производство на семе од житни култури (без ориз), Решение бр. 10-2510/1 од 11.04.1996 год., рег. број 19.

- АД ЗИК „Црвена Ѕвезда“ ДОО „Три Чешми“ с. Три Чешми - Штип за производство на житни, индустриски и фуражни култури, Решение бр. 10-2511/1 од 11.04.1996 год., рег. број 20.

Бр. 10-2974/1
30 април 1996 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов**, с.р.

---

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија - Скопје, врз основа на член 24 став 4 од Законот за семе („Сл. весник на РМ“ бр. 18/73, 51/88, 20/90, 32/91 и 83/92) објавува дека од Регистарот на доработувачи на семенски материјал се бришат:

- АД „Техноком“ - експорт-импорт - Скопје - решение бр. 10-2527/1 од 11.04. 1996 година,

- ППТ „Семенарна“ - Скопје, - решение бр. 10-2526/1 од 11.04. 1996 година и

- АД ПО „Жито Битола“ - Битола, - решение бр. 10-2525/1 од 11.04.1996 година.

Бр. 10-2972/1
30 април 1996 година
Скопје

Министер,
дипл. инж. агр. **Никола Паракеов**, с.р.

# *Огласен дел*

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4871/96 на регистарска влошка бр. 1-66770-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и запишувањето на право на работење во внатрешен и надворешен трговски промет на Претпријатието за производство, промет и услуги на големо и мало „РИНИА-А“ д.о.о., експорт-импорт, трговски центар „Ловец“ Тетово.

Претпријатието е основано со одлука за основање бр. 01-01 од 15.03.1996 година, а основач е Љатифи Шеваљ од с. Гермо, Тетово.

Дејности: 011430, 012810, 012820, 012830, 013041, 013042, 013904, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080111, 080112, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 110301, 110302, 110309, 110909, 120341, 070310, 070320, застапување на странски фирми, реекспорт, посредување во надворешнотрговски промет, комисиони работи, консигнациони работи, малогрнаичен проемт со Грција, Бугарија, Албанија и СР Југославија, угостителски и туристички услуги, меѓународна шпедиција, агенциски услуги во транспортот, услуги во меѓународниот трнаспорт на стоки и патници.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сотрени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување и претставување на претпријатието како во внатрешниот така и во надворешниот трговски проемт е Љатифи Шеваљ, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4871/96. (4092)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4997/96 на регистарска влошка бр. 1-66726-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за угостителство и туризам „ВЛАТОН“ д.о.о. експорт-импорт, ул. „Георги Димитров“ бр. 21/4-21, Скопје.

Основач на претпријатието е Владимир Тоневски од Скопје.

Дејности: 011313, 011314, 011315, 011791, 011799, 011832, 011941, 011949, 013010, 013021, 013022, 013030, 013042, 013043, 013050, 013099, 013121, 013122, 013400, 013500, 050100, 050201, 050301, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080111, 080112, 080119, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090121, 090131, 090132, 090160, 090171, 090172, 090179, 090181, 090209, 110109, 110301, 110302, 110303, 110304, 110309, 110620, 110903, 110905, 110909, 070310, 070320, застапување и посредување во прометот со стоки и услуги, консигнација, реекспорт, туристички услуги со странство, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки и патници, малоогрнаичен проемт со Бугарија, Грција, Албанија и СР Југославија.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со целокупниот свој имот.

Претпријатието ќе го застапува и претставува директорот Владимир Тоневски од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4997/96. (4093)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1530/96 на регистарска влошка бр. 1-18272-0-0-0, го запиша во судскиот регистар организирањето на Претпријатието за производство, промет и услуги „КЛАНЕКС“ увоз-извоз д.о.о. со п.о. ул. „Републиканска“ бр. 24, Прлеп.

Дејности: 050301, 050302, 011941, 011949, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110309, 080201, 080202, 110302, 110611, 110620, 110902, 110903, 110905, 110909, 060502, 013041, 013042, 013043, 070310, 070320, услуги на меѓународниот транспорт на стоки и патници, услуги што се во врска со меѓународниот транспорт (меѓународна шпедиција, складирање, аеродромски услуги, агенциски услуги во транспротот и слично) угостителски и туристички услуги, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги и научно-истражувачки, истражувачко-развојни и услуги во давање на информации и знаење во стопанството.

Во правниот промет со трети лица претпријатието има полни овластувања и полна одговорност. В.Д. директор со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности е Ристо Николоски од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1530/96. (4341)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4717/96 на регистарска влошка бр. 1-5934-0-0-0 го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Претпријатието за маркетинг и пропаганда, промет на големо и мало, „ГРИФОН" ц.о. увоз-извоз, ул. „Коце Металец" бр. 29-а, Скопје.

Се проширува дејноста со: 080190, 080201, 080202, 090150, 090160, 090181, 090183, 090201, 110402, 110403, 110404, 110611, 110612, 110620, 110902, 110909.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4717/96. (3776)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4641/96 на регистарска влошка бр. 1-66529-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на приватна здравствена организација - Ординација по општа стоматологија „МЕШКОВИ" ц.о. ул. „Самоборска" бр. 8, Титов Велес.

Скратен назив: Стоматолошка ординација „МЕШКОВИ" ц.о..

Основач: Мешкова Маргарита.

Дејност: 130140.

Неограничени овластувања. Целосна одговорност.

Лице овластено за застапување е: Мешкова Маргарита, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4641/96. (3777)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4869/96 на регистарска влошка бр. 1-31917-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на основач на Претпријатието за промет на големо и мало, посредување, угостителство, туризам, транспорт и шпедиција „МИТКОМЕРЦ 94", д.о.о. увоз-извоз, „Илинденска" б.б., Куманово.

Со одлука од 15.03.1996 год., пристапува Трговското претпријатие „ИГО ИМПЕКС" д.о.о. експорт-импорт, Градски sид блок VIII, Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4869/96. (3778)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4225/96 на регистарска влошка бр. 1-66571-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост и запишување право за вршење надворешно-трговски промет на Претпријатието за производство, трговија, туризам и услуги „ЕУРО-СТРОМ", д.о.о. експорт-импорт, с. Сенекос, Гостивар.

Претпријатието е основано со акт за основање 1/96 од 17.02.1996 год. а основач е Мустафи Зулќифли од с. Сенекос, Гостивар.

Дејности: 011313, 011314, 011320, 011390, 011411, 011413, 011419, 011730, 011430, 011521, 011710, 011721, 011722, 011723, 011729, 011730, 011741, 011742, 011749, 011791, 011832, 011910, 011941, 012142, 012201, 012202, 012310, 012321, 012322, 012323, 012410, 012421, 012429, 012622, 012623, 012624, 012701, 012810, 012830, 012901, 013021, 013022, 013041, 013072, 013121, 050100, 050201, 050202, 050301, 050302, 060401, 060501, 060502, 060503, 060700, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 080112, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090123, 090124, 090125, 090133, 090139, 090181, 110109, 110301, 110302, 110309, 110401, 110402, 110404, 110909. 070310, 070320, реекспорт, малограничен промет со Албанија, меѓународна шпедиција, меѓународен транспорт на стоки и превоз на патници, застапување и посредување во надворешниот промет, комисионо и консигнационо работење, туристички и угостителски услуги, изведување на инвестициони работи во странство.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешното и надворешното трговско работење е Мустафи Зулќифли, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4225/96. (3779)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 3859/96 на регистарска влошка бр. 1-57483-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство, промет, посредување и услуги „МЕДА 95" ц.о. увоз-извоз, ул. „Илинденска" бб., Крива Паланка.

Се брише Груевски Максим.

Се запишува Груевска Ана, нов директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 3859/96. (3780)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1452/96 на регистарска влошка бр. 1-59285-0-0-0 го запиша во судскиот регистар бришењето на Претпријатието за производство, промет и услуги „ЈОМА Б" д.о.о. увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје.

Се брише претпријатието за производство, промет и услуги „ЈОМА Б" д.о.о. увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје, со рег. влошка 1-59285-0-0-0 поради припојување кон „ЈОМАК" д.о.о. за производство промет и услуги увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје, со рег. влошка 1-64856-0-0-0.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1452/96. (3957)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1453/96 на регистарска влошка бр. 1-64856-0-0-0 го запиша во судскиот регистар припојувањето на Претпријатието за производство, промет и услуги „ЈОМАК" д.о.о. увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје.

Се припојува претпријатието за производство, промет и услуги „ЈОМА Б" д.о.о. увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје, со рег. влошка 1-59285-0-0-0 кон „ЈОМАК" д.о.о. за производство промет и услуги увоз-извоз, ул. „512" бр. 22-а, Скопје, со рег. влошка 1-64856-0-0-0.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1453/96. (3958)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4429/96 на регистарска влошка бр. 1-46535-0-0-0 го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Претпријатието за трговија и консалтинг „МИМА" д.о.о. ул. „Бутелска" бр. 20-а, Скопје.

Се проширува дејноста во внатрешен промет со: 080121, 080122, 080123, 080129, 080190.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4429/96. (3959)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 2183/96 на регистарска влошка бр. 1-62899-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство, трговија и услуги „ВИКО" д.о.о. увоз-извоз, ул. „Ванчо Прке" бр. 61, Гевгелија.

Се брише Икономова Ѓурѓа, се запишува Сибиновска Олгица, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 2183/96. (3960)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4755/96 на регистарска влошка бр. 1-1998-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лице на Претпријатието за туризам, угостителство, промет и производство „УНИОНМАК" ц.о. експорт-импорт, ул. „Едвард Кардељ" бб, Кавадарци.

Се брише досегашниот директор Пановски Цане, а се запишува во внатрешен и надворешен промет Јорданчо Бањански, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4755/96. (3961)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4130/96 на регистарска влошка бр. 1-28005-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на основач и лице овластено за застапување на Претпријатието за трговија на големо и мало „КАЛИБРА" д.о.о. увоз-извоз, ул. „Ратко Митровиќ" бр. 133-а, Скопје.

Се брише Алексиќ Жарко, директор без ограничување.

Се запишува: Сулејман Сулимани, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4130/96. (3962)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4933/96 на регистарска влошка бр. 1-22883-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на фирма и проширување на Претпријатието за промет на големо и мало, производство и услуги „ОЕРО-МАК" ц.о. увозизвоз, ул. „18" бр. 70, Скопје.

Дејноста во внатрешен промет се проширува со: 060502, 060601, 060602.

Дејноста во надворешно-трговскиот промет се проширува со: меѓународен превоз на стоки во друмскиот сообраќај.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 4933/96. (3963)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 3175/96 на регистарска влошка бр. 1-66609-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Производнопреработувачкото, градежно, трговско и услужно претпријатие на големо и мало „ЕЛИТА-ТЕХ" д.о.о. извоз-увоз, ул. „Струшка" бр. 21-б, Скопје.

Основачи на претпријатието се Чолакова Евдокија и Чолаков Ѓорѓе со акт 01-01.

